Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје, /„Службен гласник на Општина Центар број 1/06/, градоначалникот на Општина Центар-Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје, за 2015 година**

Се објавува Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје, за 2015 година

што Советот на Општина Центар-Скопје, ја донесе на 33-та седница одржана на 25.12.2014 година.

Бр.08-7874/19
26.12.2014 год.
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална смоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 11 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ бр. 79/09) и член 26 од Статутот на Општина Центар – Скопје (Службен гласник на Општина Центар – Скопје бр. 1/06), Советот на Општина Центар – Скопје на 33-та седница, одржана на ден 25.12.2014 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар – Скопје, за 2015 година

Основна цел на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и ефективен систем на социјална и здравствена заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на Општина Центар. Исто така оваа Програма цели кон реализација на активности за заштита на децата, правото на секое дете да се вклучи во институционален облик на воспитно-образовната работа, притоа задоволувајќи ги нивните развојни потреби, потребите на семејството и општеството во целина.

Реализирањето на Програмата ќе се спроведе со низа активности од различни области во рамките на социјална, здравствена и детска заштита, одредени во Програмата.

***Посебни цели:***

- Унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање и донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали;
- Развој на социјалната превенција како организирана, континуирана и координирана активност на територијата на Општина Центар;
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку развивање на постојните и воведување на нови видови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно доставување;



- Продолжување на веќе започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституционализација во социјалната заштита;
- Овозможување на сите деца од предучилишна возраст да посетуваат јавна установа во најблиската околина;

- Здобивање со основни знаења, вештини и навики, развивање кај децата свест за општествена одговорност и активно вклучување во општествениот живот, развивање смисла за прифаќање, доживување и вреднување естетски вредности, градење правилен однос спрема животната средина;
- Продлабочување на активностите за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, пред се создавање на стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали;
- Развивање на концепт заснован на добри и јасно прецизирани принципи за детско воспитание и образование, пред се раководејќи се според принципите на Програмата за рано учење и развој;
- Подготовка на детето за продолжување на образованието во основното училиште преку разни културни, еколошки, креативни, и други манифестации.
- Почитување и вреднување на трудот на стручните тимови кои работат на унапредување на квалитетот како на згрижувачката така и на воспитно-образовната работа со децата.

| Ред.бр | АКТИВНОСТ | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА |
|---|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош за деца родени во текот на 2015 година, во износ од 7.000,00 денари за секое новородено дете | континуирано, во текот на целата година | 3.200.000,00 |
| 2. | Подобрување на квалитетот на живот на старите лица и нивно интегрирање во општествениот живот<br>- Обезбедување на простор за два пензионерски клубови | континуирано, во текот на целата година | 700.000,00 |
| 3. | Отварање на Сервис за стари лица | континуирано, во текот на целата година | 1.000.000,00 |
| 4. | Едукативни и превентивни активности во областа на здравствена заштита на локално ниво | континуирано, во текот на целата година | 450.000,00 |
| 5. | Помош и поддршка на лица во ризик<br>- Доделување на социјални пакети на корисници на социјална парична помош<br>- Доделување на огревно дрво на корисници на социјална парична помош | ноември, декември 2015 год. | 750.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *Доделување на огревно дрво за бадникарски огнови на урбани заедници | | |
| 6. | Поддршка на граѓани – жители на Општина Центар – баратели на еднократна парична помош | континуирано, во текот на целата година | 1.800.000,00 |
| 7. | Реализација на информативни активности за информирање и превенција од секаков вид на насилство | во текот на целата година | 200.000,00 |
| 8. | Финансиско учество (кофинансирање) на Општината при реализација на проекти и програми од областа за здравствена и социјална заштита | во текот на целата година | 1.000.000,00 |
| 9. | Инклузија на деца Роми во детските градинки во Општина Центар | континуирано, во текот на целата година | 480.000,00 |
| 10. | Обезбедување на средства за ослободување на плаќање на престој во детските градинки за деца без родители и деца од социјално загрозени семејства | континуирано, во текот на целата година | 100.000,00 |
| 11. | Награди за најдобри воспитувачки и негователки | јуни 2015 год. | 550.000,00 |
| 12. | Униформи за децата од големите групи | февруари-март 2015 год. | 360.000,00 |
| 13. | Поддршка на Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ | континуирано, во текот на целата година | 30.000,00 |



| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Манифестации во детските градинки | континуирано во текот на целата година | 100.000,00 |
| 15. | Партиципација на средства за хигиена во детските градинки | континуирано во текот на целата година | 700.000,00 |
| 16. | Обезбедување средства за воведување на бесплатни часови по англиски јазик и физичко образование | Септември 2015 год. | 600.000,00 |
| | | **ВКУПНО** | **12.020.000,00** |

**Опис на активности:**

1. ***ПОМОШ НА НОВОРОДЕНЧИЊА РОДЕНИ ВО 2015 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР***

Во рамки на своите активности Општина Центар и оваа година ќе продолжи со позитивната практика за доделување еднократна парична помош за новородени деца во 2015 година, чии родители се со постојано живеалиште во Општина Центар.

Еднократниот паричен надомест ќе изнесува 7.000 денари, и ќе биде наменет за секое новородено дете во текот на 2015 година, чии родители се со живеалиште на територија на Општина Центар.

Барателот до одговорното лице во Општината, потребно ќе биде да достави на увид: лична карта на родителите, извод од матична книга на родените (за новороденчето) и број на трансакциска сметка.

На овој начин освен што се помагаат семејствата со принови, туку Општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во Општина Центар на годишно ниво, а со оглед на фактот што оваа активност се реализираше и во претходните две години, може да се утврди и дали постои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени деца во локалната самоуправа.

За 2014 година беа реализирани оклу 450 барања за новородени деца на територија на Општина Центар.



Со оваа акција, Општина Центар своето внимание го насочува кон родителите, но и кон најмладите жители на Општината, укажувајќи на нивната важност како идни граѓани кои ќе придонесуваат за развојот на заедницата.

**Временски период на реализација**: во континуитет, до крајот на календарската година.

**Потребен буџет**: За реализација на активностите потребни се средства во износ од **3.200.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## *2. ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА ПОВОЗРАСНИТЕ ЛИЦА И НИВНО ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ*

Староењето на популацијата, само по себе наметнува голем број на нови квалитативни и квантитативни здравствени, економски и социјални проблеми. Староењето влијае врз економскиот пораст на една држава, врз штедењето, инвестициите, производството, пензиите, работната сила, меѓугенерациските трансфери и даноците, како и врз структурата на

семејството, уредувањето на животот, миграционите трендови, побарувачката на домаќинствата, здравствена заштита и епидемиологијата. Едноставно нема сфера во општествениот живот во која не можат да се почуствуваат последиците на демографското стареење.

Но, имајќи го предвид процесот на децентрализација со кој самата локална самоуправа се здоби со надлежности кои порано беа дел од централната власт, постои законска обврска (почнувајќи од 2006 година) овој проблем да се третира и на локално ниво.

Имено, од вкупниот број на жители кои живеат на територијата на Општина Центар (45.170 жители), популацијата на повозрасни лица над 65 години изнесува 7.897 жители или 17,5% од вкупниот број на жители во Општината.



Токму затоа, во Општина Центар досега се отворени и неколку Клубови за пензионери, кои можат да претставуваат значаен ресурс кој ќе се користи за понатамошни активности. Голем дел од предвидените активности ќе може да се реализираат во просториите на постоечките Клубови на пензионери, како дружење, воведување на активности од интерес на пензионерите за користење на нивното слободно време, организирање на натпревари во шах или слични дисциплини помеѓу пензионерите од исти или различни ограноци итн.

Исто така, со оглед на тоа што повозрасните лица имаат потреба за активно учество и вклучување во општествениот живот, потребно е и нивно поттикнување преку:

- *Искористување на искуството на старите лица и нивно вклучување во креирање на политики и донесување на одлуки на локално ниво;*

- *Зголемување на достапноста до културни настани;*

- *Воведување и спроведување на програми за активно користење на слободното време;*

- *Поттикнување на старите лица на самоодржување и водење на активен здрав начин на живот преку зголемена физичка активност и спорт и културни и спортски натпревари соодветни за нивната возраст.*

**А) Обезбедување на простор за пензионерски клубови**

Во текот на наредната година, покрај постоечките Пензионерски клубови, планирано е да се отворат уште два нови Пензионерски клуба, за кои трошоци за обезбедување на простор ќе ги покрие Општината. Со оваа активност на пензионерите во Општина Центар ќе им се обезбеди простор кој ќе изобилува со содржини кои за нив ќе бидат интересни места кои што

ќе претставуваат катчиња каде што пензионерите ќе се среќаваат, ќе се дружат и квалитетно ќе го поминуваат слободното време. Со отварање на пензионерски клубови Општината ќе ја покаже потребната грижа и помош за оваа категорија на граѓани, се со цел овозможување на што поудобен живот на на оваа категорија на граѓани.



**Временски период на реализација**: во континуитет, до крајот на календарската година.

**Потребен буџет**: За реализација на активностите потребни се средства во износ од **700.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

### *3. ОТВАРАЊЕ НА СЕРВИС ЗА СТАРИ ЛИЦА*

Имајќи ја предвид статистиката која вели дека во Општина Центар околу 20% од населението се граѓани на возраст над 65 години, разбирлива е потребата на Општината да реализира активности кои се конкретно насочени кон овие граѓани.

Согласно активностите предвидени во **Националната Стратегијата за стари лица**
Да се обезбеди континуирана грижа за стари лица, во следниве сегменти:

- Дневно опслужување на основните потреби на овие граѓани
- Обезбедување на примарна медицинска помош и медицински совети

**Целна група:**
Лица – жители на Општина Центар, на возраст над 65 години

**Динамика на активности:**

**А) Утврдување на бројот на стари лица во Општина Центар**

Утврдувањето на бројот на стари лица на возраст над 65 години, кои се жители на територија на Општина Центар, може да се направи преку Координаторите на урбаните заедници вработени во Општина Центар, кои можат да дадат информации за бројот на ваква категорија на граѓани во своите урбани заедници за кои се одговорни.

**Б) Дефинирање на структурата на волонтерите кои ќе работат на мапирањето на старите лица и начинот на нивно ангажирање**

Со добиените анализи за бројот на стари лица по населба/урбана заедница, потребно е да се пристапи кон ангажирање на волонтери за оваа активност.
Волонтерите треба да бидат со следниов профил: дипломирани лица/студенти во завршни години на факултетите од обласа на општествени науки (социјален работник, психолог, педагог, дефектолог) или волонтери со искуство во работа со специфични категории на граѓани (од аспект на познавање на пристапот кон ваква категорија на граѓани).

Овие лица би биле ангажирани и во двете фази + подготвителна фаза на проектот:
Подговителна фаза: Обучување на лицата-волонтери кои ќе бидат вклучени во проектот
1 фаза - анализа и мапирање на потребите и типот на услуги на целната група
2 фаза – реализација на теренски активности за реалзиација на утврдените потреби за услуги кон целната група

**В) Спроведување на активности за градење на капацитети за работа во Call – Центарот**

Лицата-волонтери кои ќе бидат ангажирани во проектот без оглед на нивната професионална позадина, треба да поминат обука со курикулум кој се однесува на работа директно со оваа категорија на граѓани. Курикулумот за работа на обуката би ги содржел следниве информативни сесии: систем на социјална заштита во Република Македонија, права и услуги на социјална заштита за стари лица, мапирање на потребите на старите лица (како истото соодветно да се изведе), стандарди за социјална работа со стари лица, комуникација, тим и тимска работа.
За оваа цел би биле ангажирани консултанти кои би ја искреирале и спровеле обуката. Освен тоа нивна обврска би била да искреираат инструмент-прашалник кој би бил користен од волонтерите при процесот на мапирање.

**Г) Мапирање на потребите и типот на услуги кои им се потребни, преку воспоставување на дата база на податоци**



Процесот на мапирање би се однесувал на дефинирање на потреби и типот на услуги кои им се потребни на целната група, во однос на нивно непречено функционирање.

На тој начин, не само што ќе биде овозможен увид во состојбата со старите лица во Општина Центар, туку воедно врз основа на дата базата која ќе се воспостави ќе се овозможи и планирање на идни развојни програми и планови за работа со стари лица.

За оваа цел, ангажираните волонтери би добивале месечен надомест, а нивната обврска би се состоела во посета на станбените единици во кои живеат старите лица и реализација на мапирањето преку пополнување на прашалник, чии податоци би се користеле за понатамошната база на податоци.
Во текот на еден работен ден (осум работни часа – еден час пауза), секој волонтер би требало да опфати од 12 – 14 лица, имајќи предвид дека за мапирање на едно старо лице ќе му бидат потребни 30 минути.

**Д) Воспоставување и функционирање на Call-Центарот за стари лица**

Call-Центарот за стари лица би претставувал посредувачка алатка помеѓу локалната самоуправа и жителите на Општина Центар за информирање, помош и поддршка на старите лица.

Call-Центарот е предвидено да ги нуди следниве услуги:

- Информирање и упатување на корисници кои ќе се јават во центарот
- Давање на помош и нега во домашни услови на стари лица преку делување на мобилната екипа;
- Набавка на храна и лекови и на други најнеопходни средства за старите лица;
- Давање на медицинска помош во домашни услови

Покрај теренската работа, ќе биде потребн одо страна на Општината да се оспособи и опреми една просторија во која би се водела евиденција за динамиката на активностите и резултатите од истите, би се водела базата на податоци и во која би била отворена една телефонска линија на која би можеле да се јавуваат сите заинтересирани граѓани за овој проект**.**



Во рамки на оваа просторија и на телефонската линија би работеле две лица – телефонски оператори, кои исто така би требало да ја поминат обуката.
Центарот би функционирал и врз основа на телефонско јавување на старите лица, нивно информирање, упатување и испраќање на мобилни екипи во нивните домови, доколку корисниците имаат потреба за директна помош. Центарот би работел во две смени во периодот од 09 до 18 часот, секој работен ден, и би бил лоциран во простории на Општина Центар, и истата просторија ќе биде расположлива за користење и по завршување на проектните активности.

Покрај телефонските оператори ќе функционира и мобилна екипа која врз основа на повикот или базата на податоци, ќе делува на терен соодветно на потребите на корисниците.
Доколку станува збор за потреба од медицинска помош во домашни услови, во рамки на Центарот ќе биде ангажирано и медицинско лице (Доктор/ка по општа медицина) кое ќе ги нуди следниве услуги: проверка на шеќер, триглицериди, холестерол, крвен притисок, медицински совети. Исто така, со давањето на овој вид на услуги, ќе им се излезе во пресрет на старите лица да ја следат својата здравствена состојба, без при тоа да мораат за истите прегледи да одат во амбулантите или други форми за здравствена заштита и превенција.

**Временски период на реализација**: во континуитет, до крајот на календарската година.

**Потребен буџет**: За реализација на активностите потребни се средства во износ од **1.000.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

### *4. ЕДУКАТИВНИ И ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО*

Здравјето е меѓународно признато како универзално човеково право и според дефиниција тоа не претставува само отсутност на болест туку е комплекс на физичка и психичка благосостојба. Грижата за здравјето не е само грижа на поединецот за сопственото здравје, туку и грижа на општеството во целина. Вклучувањето и овозможувањето на единиците на локалната самоуправа во реализирање на активностите за областа на јавното здравје ќе овозможат унапредување на јавното здравје на населението на подрачјето на кое живеат во својата општина,



На локално ниво, потребно е да бидат вклучени сите сегменти на јавното здравство каде се овозможува превенирање односно заштита на здравјето.

Во рамки на оваа активност се планира **спроведување на едукативни работилници, предавања со вработените и со дечињата во детските градинки во Општина Центар**. Овие предавања би опфаќале теми кои се од интерес за здравјето на дечињата и вработените, тргнувајќи од навики за здрав начин на живот, начин на превенција од различни заразни болести и теми кои ќе произлезат како актуелни. Предавањата и работилниците би се спровеле од страна на стручни лица кои на најсоодветен начин ќе им ги пренесат своите знаења на децата.
Исто така, Општината ќе организира и **бесплатни превентивни прегледи (проверка на крв, крвен притисок, проверка на видот и др.) кај ранливи групи, како што се: лица над 65 години, лица со ниски месечни примања или корисници на социјална парична помош.**

Прегледите ќе бидат организирани во соработка со институција/организација соодветна за ваков вид на активности.

**Временски период на реализација**: во континуитет, до крајот на календарската година.

**Потребен буџет**: За реализација на активностите потребни се средства во износ од **450.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## *5. ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЛИЦА ВО РИЗИК ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР*

- **Доделување на социјални пакети на граѓани на Општина Центар- приматели на социјална парична помош**

За лицата – жители на Општина Центар кои се приматели на социјална парична помош, Општината секоја година доделува социјални пакети. Податоците за лицата - приматели на социјална парична помош, жители на Општина Центар, се доставуваат од страна на Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа на Град Скопје, за тековната година.



Имајќи го предвид бројот на корисници на социјална парична помош од претходните година, кои се движи од 200 – 260, се очекува бројот на корисници и во 2015година да се движи во истите рамки.

Социјалниот пакет кој ќе им се доделува на оваа категорија на граѓани ќе се состои од основни животни намирници и средства за хигиена.

**Временски период на реализација**: ноември - декември 2015 година.

- **Доделување на огревно дрво за социјално загрозени лица и до урбаните заедници во Општина Центар**

Оваа активност се однесува на лицата – жители на Општина Центар, кои се приматели на социјална парична помош, а кои до Општината или до своите Урбани заедници доставиле барање за огревно дрво, како и соодветна документација како приматели на социјална парична помош. Во координација со Урбаните заедници, а врз основа на доставените барања, на барателите им се доделува огревно дрво.

Покрај можноста да се достави барањето до урбаните заедници на Општина Центар, граѓаните ќе можат истото барање, како и адекватната документација да ги достават до Општината и врз основа на Јавен повик кој претходно ќе биде објавен на веб страната на Општината.

**Дел од огревното дрво ќе биде наменето и за бадникарските огнови, за христијанскиот празник Бадник, а истото ќе биде распределно до оние урбани заедници на територија на Општина Центар, кои претходно доставиле барање до службите на Општината.*

**Временски период на реализација**: ноември - декември 2015 година

**Потребни средства**: За реализација на овие две групи на активности потребни се средства во износ од **750.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## 6. ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИ – ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР (СО НИСКИ МЕСЕЧНИ ПРИХОДИ ИЛИ ПРИМАТЕЛИ НА ПАРИЧНА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ)



Оваа активност се однесува на онаа категорија на граѓани – жители на Општина Центар (со ниски месечни приходи или корисници на социјална парична помош) кои доставиле барање за доделување на финансиска помош заради нарушена здравствена состојба и потреба од лекување или оперативен зафат или други ризични ситуации кои ги нарушуваат нивните услови за домување и живот.

**Временски период на реализација:** во континуитет, до крајот на календарската година.

**Потребни средства:** За реализација на активностите потребни се средства во износ од **1.800.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## 7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА ОД СЕКАКОВ ВИД НА НАСИЛСТВО

Оваа активности ќе се реализира во насока на реализација на активности насочени кон едукација и превенција од секаков вид на насилство, како и зголемување на степенот на информираност кај децата од предучилишните установи и учениците од училишните образовни институции во Општина Центар, како и зголемување на информираноста на населението во Центар, и тоа преку:

- Едукација на образовниот кадар во основните училишта и детски градинки во Општина Центар;
- Информирање на учениците во основните училишта во Општина Центар, за нивните права и злоупотребата на истите;
- Активности за зголемување на степенот на информираност на јавноста;

- Подобрување на соработката меѓу релевантните структури кои постапуваат со случаите на насилство (преку назначените членови во локалното координативно тело) со цел поефективно процесуирање на случаите
- Подготовка и спроведување на проекти за остварување на горенаведените цели



**Период на реализација:** во континуитет, до крајот на календарската година.

**Потребни средства:** За реализација на активностите потребни се средства во износ од **200.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## 8. ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО (КОФИНАНСИРАЊЕ) НА ОПШТИНАТА при реализација на проекти и програми од областа на здравствена и социјална заштита

Со оглед на тоа што во изминатата година (2014г.), Општина Центар доби финансирање од доантори за неколку проекти, а имаше и такви за кои беа потребни средства кои ќе бидат приложени како финансисрање и од страна на самата Општина, со оваа активност се планира обезбедување на вакви средства во Буџетот за 2015 година.
Се очекува во текот на 2015 г. да бидат обајвени повеќе отворени повици за финансирање, на кои Општината би аплицирала, а би требала да прикаже сопствено учество (кофинансирање), при одобрување на предлог-проектите.

**Период на реализација:** во континуитет, до крајот на календарската година.

**Потребни средства:** За реализација на активностите потребни се средства во износ од **1.000.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## 9. ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА РОМИ ВО ЈАВНИТЕ ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ – ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР

Станува збор за проект кој се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Ромскиот едукативен фонд, а се однесува на инклузија на деца Роми на возраст од 4 години и 8 месеци до 5 години и 7 месеци, кои се жители на Општина Центар, а претходно не биле опфатени со предучилишниот образовен процес.

Целта на проектот е подобрување и поддршка на интеграцијата и намалување на запоставеноста на децата Роми со зголемување на нивниот број во јавните општински установи една година пред поаѓање во основно образование.


Имајќи ја предвид важноста на процесот на интеграција на децата во образовниот систем и влијанието на истиот врз нивниот личен и социјален развој, Општина Центар ќе се вклучи во проектот преку покривање на трошоците за превоз на дечињата од нивните домови до детската градинка и обратно.

Детската градинка во Општина Центар во која е предвидено да се спроведува овој проект е градинката „Раде Јовчевски Корчагин", во која во 2015 година, ќе бидат опфатени до 20 деца од ромска националност, кои се жители на Општината.

**Временски период на реализација**: континуирано, во текот на целата календарска година

**Потребни средства**: За реализација на активностите потребни се средства во износ од **480.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## 10. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕСТОЈ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ЗА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛИ И ДЕЦ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

Воспитно-образовната работа во градинките се темели во најголем дел на соработката помеѓу воспитно-згижувачкиот кадар во градинките од една страна и семејството и пошироката локална средина од друга страна, со цел здобивање со основни знења, вештини и навики, развивање на свеста кај децата за прифаќање, доживување и вреднување на естетските вредности, градење на хумани односи меѓу луѓето и подготовка на детето за продолжување на образованието.
Во градинките на општина Центар се среќаваат деца без родители, но и деца од социјално загрозени семејства. Имајќи ја предвид важноста за интеграција на децата во воспитно-образовниот процес и влијанието на истиот врз нивниот личен и социјален развој, Општина Центар ќе се вклучи во проектот преку покривање на трошоците за нивниот целодневен престој.



**Временски период на реализација:** во текот на календарската година.

**Потребни средства:** За реализација на активностите потребни се средства во износ од **100.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## 11.НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ВОСПИТУВАЧКИ И НЕГОВАТЕЛКИ ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР

Главна улога во поставување на темелите на воспитување и образувување на секоја индивидуа во првите шест години од животот, покрај родителите, ја имаат воспитувачките и негователките од детските градинки.
Нивната основна работа со децата е продлабочување на сите активности за поквалитетно згрижување, вопитание и образование, пред се создавање на стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали.
Од тие причини општина Центар како и минатата година и оваа сака да ги мотивира сите учесници во згрижувањето, негата и воспитувањето на децата од предучилишна возраст, односно негователките и воспитувачките од сите градинки на општина Центар, вклучувајќи ги и клоновите и да ги награди за нивната посветеност во работата.
На тој начин сметаме дека ќе го поттикнеме стимулот и мотивацијата кај негователките и воспитувачките за уште поголема ангажираност во работата со деца.
Предлогот за наградување на една воспитувачка и една негователка од секоја градинка, односно клон, ќе произлезе од секоја градинка.

**Временски период на реализација**: месец мај 2015 година

**Потребен буџет**: За реализација на активностите потребни се средства во износ од **550.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## 12.УНИФОРМИ ЗА ДЕЦАТА ОД ГОЛЕМИТЕ ГРУПИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР



Во текот на годината општина Центар како и самите градинки планираат и ќе реализираат манифестации од различен вид, со цел стекнување на одредени знаења на децата и нивна практична примена како за правилно однесување во сообраќајот така и за учество во различни работилници надвор од градинката, посети на институции, театарски претстави, заеднички дружења од други градинки и сл.
Како од безбедносен аспект, така и од аспект на препознавање, децата од градинките на општина Центар треба да бидат облечени во елечиња со

иста боја на ниво на општина кога се наоѓаат надвор од градинката, односно кога извршуваат некоја од горе наведените активности.

**Временски период на реализација**: месец февруари-март 2015 година

**Потребен буџет**: За реализација на активностите потребни се средства во износ од **360.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## 13. ПОДРШКА НА ПРОГРАМАТА „ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ“ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР

Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ е резултат на едукативната програма „Немаме резервна планета“, планирана од Здружението на граѓани „ОХО“ и швајцарска агенција за развој во соработка со МОН и истата има за цел стекнатото знаење на темата животна средина да се примени во пракса, да се подигне свеста на децата, персоналот, родителите и сите оние кои директно или индиректно се вклучени во градинката, да се стекнат со активна и одговорна улога во заштитата на животната средина.
Од тие причини општина Центар ќе ја подржи оваа програма и ќе земе индиректно учество во јавните активности предвидени од градинките.

**Временски период на реализација**: континуирано во текот на цела 2015 година

**Потребен буџет**: За реализација на активностите потребни се средства во износ од **30.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.



## 14. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР

Во рамките на планираните манифестации чии реализатори се децата и вработените од градинките, општина Центар планира да ги подржи и стимулативно да делува кај децата со наградување за нивниот труд, креации и вештини.

***Една од манифестациите е да се подржи 22.09. - Светскиот ден без автомобили.*** Целта на овој проект е децата од предучилишна возраст да добијат елементарни претстави и сознанија од областа на сообраќајот, да ги воочат и да се запознаат со видовите на сообраќајни средства кои се во нивна непосредна околина, да бидат оспособени за препознавање на места безбедни за игра надвор од нивните домови, стекнување со основни знаења за значењето на сообраќајните знаци, движењето и преминување

на улица како и осознавање за штетното влијание од преголемата употреба на моторните возила врз човекот и користење на други алтернативни средства за превоз во општината и градот.
Она што е особено важно за децата е дека од најмала возраст треба да бидат запознаени со правилната и здрава исхрана и создавањето навики за конзумирање на здрава и квалитетна храна. Правилното конзумирање на овошје и зеленчук во исхраната, запознавањето на децата со значењето на водата како и штетното влијание на газираните сокови се теми за работилници и предавања на ниво на детски градинки. Како завршна манифестација може да ни послужи ***16.10 – Светскиот ден на здрава храна*** на која активно учество би зеле децата од детските градинки, нивните воспитувачки и родителите, а секако подржани од Општина Центар.
Социјализацијата на децата како и градење на другарство и заедништво, поттикнување на чувство да се биде најдобар во групата и пошироко во околината би било уште посилно изразено преку избор на најубаво уредена градинка, односно клон .
Овој проект има за цел да се избере **најуредена детска градинка во општина Центар** според критериуми кои ќе ги утврди Комисија формирана од Градоначалникот на општината.

**Временски период на реализација**: мај 2015 година

**Потребен буџет**: За реализација на активностите потребни се средства во износ од **100.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.


## 15. СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА

Обезбедување на здрава и чиста средина за децата подразбира одржување на хигиена на едно оптимално ниво. Современите услови на живеење бараат користење на голем број средства за одржување на хигиената кај децата, просториите за дневен престој, чајни кујни, тоалети и сл.

Досега родителите на децата беа ангажирани делумно да ги помагаат градинките со тоа што обезбедуваа течен сапун, тоалетна хартија и други средства за лична хигиена за своите деца. Отсега за тоа ќе се грижи општина Центар и на тој начин ќе допринесе да се намали трошокот на родителите за децата во градинка.

**Временски период на реализација:** во текот на календарската година.

**Потребни средства:** За реализација на активностите потребни се средства во износ од **700.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

## 16. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНИ ЧАСОВИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Раното детство е период кога децата учат како да учат и тие пристапуваат кон овој дел од учењето на различни начини. Малите деца, по својата природа, се љубопитни и сакаат да истражуваат. Добро осмислен амбиент којшто ја поттикнува иницијативноста, љубопитноста и интересот кон учењето се клучните фактори кои го унапредуваат пристапот кон учењето на малите деца. Во тоа, секако, клучна улога имаат професионалците вклучени во воспитно-образовните процеси во текот на раното детство. Создавањето позитивен амбиент за учење ги стимулира децата да истражуваат, да решаваат проблеми, да покажуваат висок степен на иницијативност, да се поттикнува нивната љубопитност и да се охрабруваат да поставуваат прашања. Во таков амбиент, децата развиваат позитивен пристап кон учењето кој е потребен за понатамошен успех во училиштето, но и за процесот на активно учење во текот на целиот живот. Семејството, пошироката средина, градинката, училиштето и сите оние што непосредно имаат некаква врска со раниот детски развој и учење, укажуваат на значењето и важноста на овој домен во понатамошниот развој на секоја личност.



Имајќи ја предвид потребата од користењето на светските јазици, а особено англискиот, како и фактот дека децата од најмала возраст многу брзо и лесно ги совладуваат јазичните вештини, општина Центар во 2015 година од сопствениот Буџет ќе обезбеди средства за обезбедување на бесплатни часови за изучување на англиски јазик за децата од градинките, средства кои досега ги плаќаа родителите на дечињата кои престојуваат во детските градинки. За потсетување, Општина Центар во континуитет обезбедува часови за изучување на германски јазик во детските градинки. Здравјето и добросостојбата на децата се клучни фактори во процесот на растењето и развојот, којшто се одвива во текот на раниот период од животот. Растот и развојот кај децата е паралелен и комплементарен процес. Клучните вредности коишто се очекуваат од децата на возраст од 0-6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој се: физичка компетентност и добра физичка кондиција, која обезбедува висок степен на подготвеност за одење во училиште и активно учество во процесот на учење; активно учество на децата во животната околина која ги опкружува и способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности. Доброто физичко здравје им дава на децата енергија и издржливост активно да учествуваат во процесот на учењето. Избалансиран моторен развој е поврзан и директно влијае и врз останатите развојни домени, како што е развојот на говорот, когнитивниот развој, социјалната компетенција и емоционалниот развој. За таа цел општина Центар, покрај бесплатните часови по англиски јазик, ќе обезбеди и средства за бесплатни часови по физичко образование, часови кои во иднина нема да бидат на товар на родителите како што беше досега.

**Временски период на реализација:** од септември 2015 година

**Потребни средства:** За реализација на активностите потребни се средства во износ од **600.000,00 денари**, предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

**Средствата потребни за реализирање на Програмата за активностите на Општина Центар од областа на социјална, здравствена заштита и заштита на деца во 2015 година, се определени во Буџетот на Општина Центар за 2015 година, во износ од: 12.020.000,00 денари.**



**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Во функција на имплементација на законите, кои владеат во Република Македонија, од областа на социјалната и детска заштита, Општина Центар подготви Програма за соодветно и успешно обезбедување на социјална заштита на своите граѓани со развивање и реализирање на најразновидни форми и облици на социјални активности според потребите на граѓаните кои живеат во нашата општина.
Со Програмата за социјална и детска заштита се продлабочува и унапредува системот на социјална заштита за обезбедување и задоволување на потребите на граѓаните на локално ниво.
Главен и основен документ за изработка и спроведување на Програмата за социјална и детска заштита е **Законот за социјална заштита** (Службен весник 79/09 од 24 јуни 2009 година). Поточно во **член 11** од истоимениот закон се наведува :
1*) Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, согласно со Националната програма од членот 4 став 1 на овој закон, ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.*

2) *Програмите од ставот 1 на овој член се доставуваат до Министерството на мислење.*

3*) Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат остварување на социјалната заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и децата без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат droги, други психотропни супстанции и алкохол, лицата жртви на семејно насилство,*

*лицата жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита, согласно со одредбите од овој закон."*

И во **член 12** од истоимениот закон се истакнува:



*"Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје можат со своја одлука, во согласност со материјалните можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од обемот на правата утврдени со овој закон и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита."*

Покрај Законот за социјална заштита, релевантни се и **Законот за локална самоуправа** и **Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа** кои ја дефинираат правната рамка во процесот на децентрализација, начините и изворите за финансирање.

Согласно **Законот за локалната самоуправа (член 22 став 1 точка 7)** општините се надлежни за:

- Социјална заштита и заштита на децата – детски градинки и домови за стари лица (сопственост, финансирање, инвестицци и одржување);
- Остварување на социјалната грижа за инвалидните лица;
- Децата без родители и родителска грижа;
- Деца со воспитно-социјални проблеми;
- Деца со посебни потреби;
- Деца со еднородителски семејства;
- Деца на улица;
- Лица изложени на социјален ризик;
- Лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол;
- Подигање на свеста на населението;
- Домување на лица со социјален ризик
- Остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст

Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

**Основни начела и принципи во системот на Социјална заштита**

**Основни начела** на кои се заснова социјалната заштита се:

1. Социјална праведност и солидарност;
2. Давање на посебна заштита на немоќни и неспособни за работа;
3. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

**Носители на социјалната заштита** се Републиката, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје.



Паралелено со процесот на децентрализација на надлежностите во социјалната заштита од централно ниво на локално ниво, се одвиваат и процесите на плурализација и деинституционализација во социјалната заштита. Овие процеси се меѓусебно, тесно врзани и подеднакво значајни за подобрување на социјалните услуги до граѓаните. Зајакнувањето на мрежата на тие услуги кои ги даваат здруженијата на граѓани, правни и физички лица е услов за успешно и посоодветно спроведување на децентрализацијата. Во развојот и унапредување на мрежата на социјални услуги во процесот на деинституционализација и воедно реализирање на програми за социјална заштита, неопходно е општината:

- Да развива и јакне соработка меѓу владини и невладини институции кои вршат работи во област на социјална заштита;
- Да донесува развојни програми од областа на социјалната заштита;
- Да развива сервисни услуги и форми на вонинституционална заштита, центри за дневно и повремено прифаќање на мали групни домови, развивање на мрежа за згрижувачки семејства и многу други активности.

Поради тоа, Општина Центар има обврска да социјалната заштита ја развива и унапредува, при што, на своите граѓани ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие самостојно, не се во можност да ја остварат својата социјална сигурност.
Општина Центар во остварување на надлежностите е одговорна за:

- Донесување на развојни програми за социјална заштита;
- Основање на јавни установи за социјална заштита;
- Развивање на вонинституционални форми за социјална заштита;
- Развивање на социјални програми во соработка со другите сегменти на јавниот сектор, приватен сектор и невладини организации.

**Вредности и принципи на кои почива Програмата** на Општина Центар за социјална и детска заштита:

- *Најдобри интереси на корисниците* - пружање на услуги кои во најголема мера се усогласени со потребите на корисниците со почитување на човековите права и достоинство;
- *Достапност на услугите на корисниците* – обезбедување на услови и развивање на услуги да граѓаните своите потреби приоритетно ги задоволуваат во средината во која живеат, на локално ниво;



- *Партиципација, одговорност и самостојност на корисниците*-обезбедување на учество на корисниците во донесување на одлуки за начинот на задоволување на потребите, продуктивен живот во заедницата и предупредување од зависност од социјалните служби;

- *Континуитет на заштита и можност на избор на услуги и даватели на услуги* – развивање разновидни услуги во рамките на јавниот, невладиниот и приватниот сектор.

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Центар – Скопје".

- Сектор за јавни дејности.

Бр.08-7874/18
25.12.2014 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Совет на Општина Центар-Скопје
Цветанка Симоновска, с.р.



Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје, /„Службен гласник на Општина Центар број 1/06/, градоначалникот на Општина Центар-Скопје, донесе